# НАСТАВА

В. КУШЕВСКИ

## НЕКОИ ПРАШАЊА ОКОЛУ РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИТЕ ЗАДАЧИ ПРИ ОБРАБОТКАТА НА I-ТО ЗАСЕДАНИЕ НА АСНОМ ВО НАСТАВАТА ПО ИСТОРИЈА

Една од клучните наставни теми од најновата историја на македонскиот народ е секако I-то заседание на АСНОМ. Независно од присуството на оваа наставна содржина во наставните програми и основните прирачници, а спрема тоа и во наставата по историја, како и несомнените резултати кои се постигнуваат во обработка на овој популарен материјал, со овој наш прилог сметаме да го свртиме вниманието на некои недоследности, недоречености дури и пропусти кои, според наше мислење, се забележливи кога станува збор за дидактичката обработка на I-то заседание на АСНОМ. При тоа далеку сме од помислата дека со тоа го исцрпуваме ова прашање од гледна точка на општата теорија на наставата, а и на специјалната дидактика по историја. Напротив истото заслужува да биде натамошен предмет на нашите теоретски и практични испитувања.

Се чини дека за наставникот, во методска смисла, е релативно „полесна" обработката на наставната содржина за I-то заседание на АСНОМ при што како да се работи за соопштувањето со коментари на неговите решенија, одлуки и сл. Меѓутоа ако ги проследиме некои од содржините сврзани со оваа наставна тема кои, според нас, се од посебна важност од гледиштето на нивното воспитно-образовно значење, сепак се уверуваме дека постапката не е сосем „едноставна".

На пример, во сите учебнички текстови а и во наставната пракса, кога се набројуваат одлуките најнапред се истакнува — неоспорно најважната — одлука за **конституирањето на АСНОМ** како **„врховно законодавно и извршно претставничко тело на македонскиот народ."** Токму затоа што оваа формулација најчесто или редовно им се соопштува на учениците дословно, таа делува кај нив апстрактно. Затоа, ние овде наоѓаме и одредени методски проблеми. Имено, учениците често и не

го сфаќаат овој чисто правнички термин, односно израз. Ова дотолку ако наставникот не свртел внимание на обработката на овие поими уште при обработката на методската единка за II-то заседание на АВНОЈ, а и порано. Затоа во случајов мораме да се послужиме со дескриптивно кажување, т.е. по дедуктивен пат со конкретни примери тоа да го објасниме, па дури и да го замениме и самиот правен израз со описно кажување. Имено, што значи „претставнички орган" — дека него го сочинуваат избрани претставници на народот и спрема тоа тој е овластен да ги изразува волјата, желбите стремежите на народот. Со самото тоа АСНОМ е единствениот највисок (врховен) орган кој се овластува (конституира) да зборува од името на македонскиот народ, да го претставува (преставничко тело), да донесува закони (законодавно тело) и да ги спроведува (извршно тело) донесените одлуки, закони и други прописи.

И натаму, самиот назив и кратенката — Антифашистичко Собрание на Народното Ослободување на Македонија (АСНОМ), посебно во основно-школската настава, делува не сосем јасно, зашто доволно не се експлицира дека е тоа називот-името на врховниот орган на македонската федерална држава. Односно дека е тоа, всушност, прво македонско **народно собрание** наречено АСНОМ. Зашто мнозина ученици заправо не го сфаќаат обратното: дека е АСНОМ, всушност, прво македонско народно собрание. Освен тоа, овде е нужно и споредување со она што за учениците значи современо животно искуство, т.е. со она со што тие катадневно се среќаваат — денешното Собрание на СР Македонија и денес — врховен односно највисок орган на власта на Социјалистичка Република Македонија. Од тоа секако ќе произлезе и логичниот заклучок дека е и АСНОМ таков орган, такво тело само што носи друго име. А неговиот назив АСНОМ одговарал на времето, кога сè било во знакот на здружената антифашистичка борба која за нас (Македонците) значела и борба за национално ослободување на македонскиот народ. Затоа треба и во овој случај описно да се пристапува: дека во манастирот Прохор Пчински се собраа претставниците на првото македонско Народно собрание наречено Антифашистичко собрание на народното ослободување на Македонија. Впрочем, и во документите со кои АСНОМ се обраќа до народот за да му стане појасно за органот кој се формирал и што означува тој, т.е. за да биде поблиско до сфаќањето, АСНОМ се нарекува и „Македонско народно собрание", „Прво македонско народно собрание" и сл.

Се разбира целта на нашата наставна постапка не треба да се состои само во објаснувањето на терминот или називот, само за да се знаат и сл., туку нивното објаснување да послужи за натамошна анализа на значењето на документот за кој станува

збор, како израз на револуционерниот чин, како би се сфатила неговата суштина и значење.

Имено, членот 1 од Решението на АСНОМ со кое се конституира како врховно законодавно и извршно народно претставително тело и највисок орган на државната власт на демократска Македонија (АСНОМ), треба да се анализира, речиси, на секој час на кој што се обработува оваа благодарна и мошне важна тема било во средношколската настава или во наставата по историја во училиштата од прв степен.

Но да го проследиме неговиот текст, кој гласи:

„Основајќи се на суверената волја и правото на самоопределување на народот на Македонија, чии верни толкователи се претставителите на ова Собрание, а во согласност со решенијата, донесени на II заседание на АВНОЈ (Антифашистичкото веќе на народното ослободуење на Југославија) во град Јајце — 29 ноември 1943 година — Антифашистичкото собрание на народното ослободуење на Македонија (АСНОМ) се конституира во врховно законодателно и исполнително представително тело на Македонија и (на) македонската држава, како рамноправна федерална единица во демократската федеративна Југослвија."

Од ова на наставникот нема да му биде тешко, особено за средношколската настава, да извлече одредени заклучоци за тоа кои се тие историски револуционерни одлуки содржани во овој член. Имено дека:

1) АСНОМ се **„конституира"**, заменувајќи го во смисла на реченото самиот термин со зборот „се овластува" или „се прогласува" за врховно з а к о н о д а в н о (кое донесува закони, државни акти, решенија, уредби и сл.) и и з в р ш н о (што ги спроведува решенијата, законите, значи управува до државните работи) и п р е т с т а в н и ч к о (го претставува ја изразува волјата, интересите на народот) тело на македонскиот народ; и

2) со ова решение Македонија **се прогласува (се установува)** како **федерална држава** што е еден од изразите на волјата на македонскиот народ, со истовремено акцентирање дека **Македонија се прогласува за федерална држава во Демократска Федеративна Југославија.** Со тоа е изразена волјата на македонскиот народ „да живее како рамноправен член" во новата заедница.

Во оваа определба има три моменти (мошне важни) кои треба посебно да се објаснат и прокоментираат.

Имено, дека од Првото заседание на АСНОМ Македонија е веќе држава, односно дека ние Македонците од сега натаму си имаме држава, и дека нашата татковина отсега натаму веќе како држава, се и третира. (Овде можеме да ги потсетиме учениците на зборовите на Димо Хаџи Димов, кој порано укажувал дека ние Македонците „сме си сиромаси, бидејќи си немаме држава", така што сме станувале лесен плен на разни завојувачи

и сл. Меѓутоа, сега статусот на Македонија е сосем друг). А овој момент — со согледувањето величината на историската придобивка и на револуционерниот акт што е извршен на 2. VIII 1944 година секако, од воспитна гледна точка треба да побудува кај учениците чувство на горделивост; на сигурност и љубов кон својата татковина.

Втор момент којшто наставникот треба да го подвлече е тоа дека Македонија е федерална држава во Демократска Федеративна Југославија. Тоа значи дека македонскиот народ истовремено **се определил да живее** како **рамноправен член во новата заедница на југословенските народи, југословенската држава.** Чинот на самоопределувањето (како трет момент) е значи извршен согласно со принципите што си ги поставило II-то заседание на АВНОЈ. И истовремено што е ова определување на македонскиот народ израз на судбинската поврзаност на нашите народи изразена во нивната историја, а пред сè во Народоослободителната борба во која зедоа учество сите наши народи и народности.

Од анализата на овој член треба да произлезе и заклучокот дека овие одлуки се донесени врз основа на одлуките на II-то заседание на АВНОЈ.

Значи, особено пред учениците средношколци, треба да се обопшти за да сфатат дека на I-то заседание на АСНОМ е остварено правото на самоопределување на македонскиот народ, на него е изразена неговата „суверена волја" и дека тоа свое право за кое се борел во своето минато си го изборил на бојното поле, рамо до рамо борејќи се со останатите југословенски народи и народности во Народноослободителната борба.

Од посебно значење е оној член од ова Решение каде се определува улогата на Президиумот на АСНОМ (претседателството — овој термин е поразбирлив, поблизок до разбирањата на учениците), којшто со формирањето на посебни оддели (подоцна повереништва), имал функција на извршен орган, т.е. на влада, со подвлекувањето дека повереништвата на Президиумот постоеле и делувале сè до формирањето на првата Народна влада на Демократска Федерална Македонија.

Понатаму, дека со I-то заседание на АСНОМ се обединува дејноста на народните одбори. Тие се под одредено насочување на својата дејност, организација и спроводници на општите законски решенија на АСНОМ, на Президиумот или повереништвата.

Значи, при обработката на оваа наставна тема учениците треба да знаат дека сме имале орган — Президиум на АСНОМ, кој ја вршел улогата на влада и воопшто за организацијата на Македонија како федерална држава и како функционирал нејзиниот апарат.

При обработката на оваа тема, посебно при набројувањето на одлуките, забораваме и на некои кои имаат своја соодветна актуелност. Така, интересна е на пример Декларацијата за основните права на граѓаните на Демократска Македонија која ги донесла првите мерки со кои им се гарантира на граѓаните просветно-културно издигање и обезбедување бесплатна основна и виша настава.

Од далекусежно историско значење е и Одлуката за воведувањето на македонскиот јазик како службен јазик, она за што се борел нашиот народ со децении, а кое му било оспорувано. Оваа одлука редовно се споменува на часовите кога се обработува, кога се говори за оваа тема. Меѓутоа, истата не се објаснува, не се коментира; во смисла зошто е тоа сторено, т.е. за неопходноста од донесувањето на таква одлука.

Понатаму, Одлуката на I-то заседание на АСНОМ со која 2 август се прогласува за државен празник на новата федерална држава има посебно идејно-воспитна вредност. Тоа е неминовно и не може да се одмине заради симболиката на денот на Илинденското востание и денот на одржувањето на I-то заседание на АСНОМ — 2 август. А истата асоцира и на зборовите на Димо Хаџи Димов дека „народ кој го дал едниот Илинден, ќе го даде и вториот....!" Во врска со ова прашање, наставникот не треба да ја пропушти информацијата за учениците дека делегатите на I-то заседание на АСНОМ оддале признание на ослободителните борби водени во времето на Илинден, а и по Илинден, поврзувајќи ја заедничката цел на борбата на сите македонски генерации од Илинден наваму: ослободувањето и здобивање државност на македонскиот народ.

Исто така не треба да се испушти и податокот за одлуката на АСНОМ со која им се признаваат правата на народностите во Македонија.

Од посебен интерес за наставникот при обработката на оваа наставна единица треба да бидат првите два прогласа на АСНОМ што од своето прво заседание ги упатил до македонскиот народ.

Првиот под наслов Манифест — всушност, претставува акт со кој **се прокламира националното ослободување на Македонија**, а вториот проглас под наслов „Поставени се темелите на Македонската федерална држава."

Манифестот за нас историчарите — педагози, претставува значаен историски документ зашто е пишуван и на достапен, разбирлив јазик, така што претставува историско четиво погодно за наставна работа, како извор на нови знаења, за конкретизација на наставниот материјал и средство за поттикнување на самостојната работа на учениците на оваа тема.

Со Манифестот, всушност, му се соопштува на македонскиот народ за оној историски чин кој го извршиле неговите

претставници, кои решенија и врз кои принципи се донесени, какви перспективи се отвораат пред македонскиот народ со овие решенија, со поента на документ кој претставува одделна политичка платформа врз која се донесени соодветните решенија и на нашето народноослободително движење воопшто. На пример, дека „Првото македонско народно собрание пред целиот свет го прокламира остварувањето на полна национална слобода на македонскиот народ во Првата слободна македонска држава“ и понатаму: „Вековните идеали на македонскиот народ се обистинија. За прв пат по Самоил македонскиот народ ја создаде својата сопствена држава за прв пат македонскиот народ ќе се почувствува во Македонија како во своја куќа; за прв пат тој станува слободен народ, во слободна држава. Тоа е најголемо остварување во историјата на нашиот народ изборено во гигантскиот антифашистички фронт, со крвта на најдобрите синови на Македонија и со помошта на другите народи од Југославија — осигурана во нова Федеративна заедница на народите на Југославија.“

Исто така Манифестот истакнува дека македонскиот народ влегува како слободен и рамноправен член во демократска и федеративна Југославија, а врз принципите утврдени на Второто заседание на Антифашистичкото веќе на народното ослободување на Југославија (АВНОЈ). И македонскиот народ — се подвлекува во Манифестот — влегувајќи во „новата држава на југословенските народи, станува градител на истата, која е дело и израз на непоколебливото единство и братство на сите нејзини народи.“

Во Манифестот од посебно значење е местото каде се прокламираат правата на полна слобода и рамноправност на сите народности во Македонија, повикувајќи ги рамноправно да учествуваат во борбата против окупаторот и во изградбата на слободна Македонија „како слободна татковина на сите народности.“ Ова место има посебно значење и од аспектот на наставниот принцип на актуелноста на наставниот материјал.

Меѓу другото, цитираните, а и други места на Манифестот — покрај можностите за анализа на часот на ова „најголемо остварување во историјата на македонскиот народ“, претставува и ориентација на наставникот кон што да наблегне кога ја изведува историската поука — заклучокот од оваа мошне значајна наставна содржина.

Значи, само преку неопходната конкретизација и анализа на најзначајните решенија и документи на I-то заседание на АСНОМ ќе се овозможи поцелосно согледување, сфаќање и оцена на местото што го зазема овој крупен историски настан во најновата историја на македонскиот народ.